# Сексуално и репродуктивно здравје и правата на адолесцентите во Централна и Источна Европа и Балканските земји (2011)

Како резултат на заедничка иницијатива за сексуалното и репродуктивно здравје (СРЗ) е подготвен Извештај од активностите на мрежата на млади - АСТРА и се однесува на следните земји: Ерменија, Азербејџан, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грузија, Македонија, Полска, Украина и Казахстан.

Извештајот за секоја земја е изработен од членовите на мрежата за млади - АСТРА, со нивна меѓусебна соработка и информации од локални и интернационални извештаи, статии, статистички извештаи и мислења на експерти.

Тој ги препознава заедничките проблеми кои ги имаат земјите од Централна и Источна Европа како и балканските земји, а кои се однесуваат на сексуалното и репродуктивно здравје.

Овој извештај ја презентира состојбата на младите од Централна и Источна Европа и балканските земји во однос на репродуктивното, сексуалното здравје и темите во врска со **сексуалната едукација**.

Младите луѓе се ранлива група од населението и затоа ним им е потребно посебно внимание и грижа. Во Југоисточна Европа процентуално адолесцентите и младите на возраст од 15-24 години сочинуваат 10.9% од населението што приближно изнесува 31.729.000 лица*. Преминот од детство

*Global South Monitoring Report

во зрелост носи многу предизвици и создава многу нови проблеми кои треба да се решат со посебна грижа и знаење. Потребите на адолесцентите и младите за сексуално и репродуктивно здравје во голема мера **се неисполнети**.

Истражувањата зборуваат дека:

1. Во ниедна од овие земји младите луѓе **немаат** стручно и научно засновано **сексуално образование во училиштата**. Иако постојат часови кои се наменети со цел да ги научат младите на некои прашања кои се однесуваат на репродуктивното здравје, на пример часот по биологија или курсеви за основи на здравјето, ниеден од нив не е целосно посветен на сексуалната едукација и присуството на овие часови е доброволно;

2. **Недостатокот** од **сигурна методологија** со која непосредно ќе се измери бројот на нови инфекции, недостатокот од **континуиран монитиоринг** на новите случаи на сексуално преносливи болести (СПБ), зборува дека бројот на новоинфицираните лица не е сосема точен;

3. Бидејќи не се доволно информирани за СРЗ младите **често бараат информации кај нивните врсници и медиумите** што предизвикува недоразбирање и одредени митови кои можат да бидат **штетни** за младите;

4. Не се препознаваат сите аспекти на **сексуалната повлеченост** на учениците;

5. Младите **немаат позитивни ставови** по однос на знаењето на сексуалноста и не се свесни за многу прашања поврзани со репродуктивното здравје;

6. Младите **не се свесни за нивната болест** и не бараат медицински совет;

7. Стереотипите и предрасудите лесно се прифаќаат, сексуалноста е табу тема во основните и средните училишта.

***Младите луѓе имаат потреба од стручни информации и советување за нивното сексуално и репродуктивно здравје кои ако не ги добијат од училиштето треба да ги добијат од здравствените центри***

Две третини од наставниците (H.E.R.A, 2011) сметаат дека промоцијата на сексуалното и репродуктивно здравје е основа за позитивни промени во однесувањето на младите.

Центарот за јавно здравје преку **Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје,** како и преку Превентивните програми и активности насочени кон младите, овозможува промоција и обезбедува бесплатни и анонимни сексуално-репродуктивно здравствени услуги.